**20090701233**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 и член 31 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/08), член 7 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06) и член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.06.2009 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2009 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/09, 23/09 и 45/09) во делот II, во табелата во потточката 1.17. Финансиска поддршка за научно-истражувачки и апликативни проекти од областа на растителното производство, во колоната вид на мерка по зборовите: „растителното“ се додаваат зборовите: „и сточарското“.

2. Во делот III во табелата во потточката 2.1. Финансиска поддршка за обележани грла говеда буша и друга мешавина од различни раси во колоната критериум износот „1.500,00“ се заменува со износот „2.000,00“.

Во потточката 2.2 Финансиска поддршка за обележани грла говеда од следниве раси: холштајнизирано фризиско, сименталско, монтафонско, оберинталско, товни раси говеда и биволи во колоната критериум износот „2.000,00“ се заменува со износот „2.500,00“.

3. Во делот XI по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

„За предадено млеко во период од 1 јануари до 30 април 2009 година рокот за поднесување на барања е 30 јуни 2009 година“.

Во ставот 9 по запирката се додаваат зборовите: „освен за потточката 4.13.“

Ставовите 7,8, 9, 10 и 11 стануваат ставови 8, 9, 10, 11 и 12.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр.19-2270/4
2 јуни 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.